# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА СУДСКО- МЕДИУМСКИОТ СОВЕТ

**(1 јануари-15 септември 2020)**

## ВОВЕД

Почитувани членови на Управниот одбор на Здружението на судии на Република Северна Македонија, пред вас го имате последниот годишен извештај на Судскиот медиумски совет (СМС), кој го опфаќа периодот од почетокот на оваа година, па се до 15 септември 2020 година.

За жал, овој извештаен период во поголемиот дел временски се поклопува со прогласувањето на светската глобална пандемија од Ковид 19, која ја зафати и нашата земја, поради што на 18 март оваа година, претседателот на државата, Г-динот Стево Пендаровски прогласи вонредна состојба. Оваа мерка во голема мерка го промени начинот на функционирање на сите институции во државата, но и на сите сегменти на општествено живеење, вклучувајќи го и СМС, кој мораше на прилагоди на „новата реалност и нормалност“.

Ова беше период во кој се одржаа и предвремените парламентарни избори на 15 јули, кои еднаш беа одложени заради опасноста од ширење на вирусот и потребата од преземање и почитување на строги мерки на безбедност, кои вклучуваа социјална дистанца и редукција на активности.

Сакам да потенцирам, дека со овој извештаен период се заокружува и двегодишната работа на првиот состав на новоформираното тело, кое по многу нешта е уникатно за балканските и европските правни системи и се заснова на најдобрите американски практики. Беше замислено како советодавно тело, кое треба да помогне во унапредување на соработката и дијалогот меѓу новинарите и судиите за прашањата од заеднички интерес, како и за зајакнување на транспарентноста и пристапот на јавноста.

## СОСТАВ И НАДЛЕЖНОСТИ НА ТЕЛОТО

Со цел да се подобри комуникацијата меѓу судиите и новинарите во септември 2018 година беше формиран Судско медиумскиот совет. Судско-медиумското тело е финалниот производ од двегодишниот проект „Зајакнување на улогата и независноста на судиите во РМ“, кој го спроведоа Здружението на судиите на РМ и Амбасадата на САД во Република Македонија.

На седница на Здружението на судии на Северна Македонија на 11.09 2018 година, а по претходни предлози од најрелевантните медиумски куќи што следат судски процеси, беше донесена одлука за избор на членови на Советот, кој број 21 член. Од нив,11 се од редот на новинарите, а 10 од судовите.

Во телото се претставени членови од : телевизиски медиуми , печатени и електронски медиуми кои известуваат за судството. Медиумите беа поканети да номинираат по еден претставник, со мандат од 2 години и со право на реизбор. Истите услови се применуваат при изборот и селекцијата на судиите-членови на Судско медиумскиот совет, но притоа се водеше сметка да бидат застапени поголемите судови во државата преку своите претседатели, како и судии со ентузијазам и енергија, кои преку своето учество и предлози сакаат да помогнат за подобрување на соработката со медиумите и транспарентноста на судството. Сите номинации беа дополнително верификувани од страна на Управниот одбор на ЗСРМ.

На 21-ви септември 2018 година во Скопје, Здружението на судиите го промовира Судско-медиумскиот совет, како одржлива мерка за промовирање и зајакнување на судска транспарентност и финална цел од погоре споменатиот проект.

На првата конститутивна седница беше избран претседател на СМС од редот на новинарите, а заменикот од судиите. Тоа беше протолкувано како гест на добра волја, а во насока на градење на доверба меѓу двете професии, кои во одредени периоди имаа тензични позиции.

Целта на СМС беше и останува да ги следи и анализира состојбите со транспарентноста во судството, но и како да се олесни пристапот до судовите за правилно и објективно информирање за судските процеси од интерес на јавноста.

СМС има задача да дава иницијативи, мислења, препораки и заклучоци за надминување на утврдените проблеми од интерес на медиумите и судовите. Во доменот на неговите надлежности спаѓа и иницирање на нови и измена на постојните законски решенија во делот на транспарентноста, како и овозможување на едукација на судии и новинари преку организирање работилници, кои имаат за цел подобро да се запознаат меѓусебно. Членовите беа назначени за период од две години со право за повторен избор, а нивната работа е волонтерска без право на надомест.

## ОЦЕНКА И ПЕРЦЕПЦИЈА

За изминативе 2 години, телото одржа 15 седници, од кои 14 во живо и една он-лајн, заради неможната од организирање на директна физичка средба, со оглед на специфичните и деликатните околности предизвикани од корона кризата.

Без лажна скромност, но со доза на самокритика, треба да се нагласи дека со формирањето на СМС нивото на перцепција на транспарентноста во правосудството беше подобрена. И тоа како во делот на воспоставување подобар дијалог, така и за справување со негативното надворешно влијание и феноменот на дезинформации во известувањето за судските случаи за со цел преку неговите одлуки,а со намера да се постави еден вид унифицирани стандарди на известување во судски предмети од голем јавен интерес.Но, допрва претстојат големи предизвици и активности, кои остануваат пред новиот состав на СМС.

Работата на Советот беше нотирана како позитивен исчекор за судската транспарентност во Северна Македонија во Извештајот на Европската комисија за напредокот на земјата и извештајот на Стејт Департментот , како позитивен пример кон унапредување на транспарентноста на судовите и со тоа на владеењето на правото.Телото

предизвика и интерес на експертската група на Прибе , кој за време на својата посета побара средба со претставници на телото. И покрај тоа што станува збор за американски модел, кој не може компаративно да се најде во земјите со континентално право, сепак, беше дадена поддршка и охрабрување за натамошен успех на телото, кој би водел кон унапредување на соработката меѓу судството и медиумите.

**АКТИВНОСТИ, ОДЛУКИ И РЕАКЦИИ**

Колку за потсетување и покрај тоа што ова е веќе нотирано во претходните извештаи, во мандатниот период телото донесе Деловник за работа, ја утврди Стратегијата за периодот до 2021 година, а работеше и на законски измени, како и на промоција и поголема видливост. Телото имаше и неколку конкретни иницијативи и активности, кои завршија успешно , заради брзата реакција на СМС.

ЗСРСМ и Амбасадата на САД во рамки на проектот „Зајакнување на улогата и функционалноста на Судско-медиумскиот совет“, организираа четири работилници за судии, новинари и креатори на политики за транспарентност на кои се дискутираше за пристап до правдата; транспарентност на судството и медиумите како предуслов за зајакнување на судската независност.

Целта на овие едукативни школи беше овозможување дискусија помеѓу судиите, правните практичари, експерти и медиумите заради изнаоѓање на заемно прифатливи заклучоци и препораки за реформа на механизмите за транспарентност на судовите, зајакнување на соработка помеѓу медиумите и судовите, како и изготвување посебен Прирачник за судии и новинари.

Според проектниот план, а по завршувањето на едукативните работилници, тим на автори изготви посебен сопфатен прирачник за судии и новинари за судска транспарентност, кој треба да биде промовиран во текот на овој месец. Во него е даден компаративен осврт на позитивните законодавства во САД, ЕУ, регионот и домашното законодавство за да може да дефинираме што е јавно, што не е јавно и зошто.

Во вториот дел од Прирачникот опишани се правилата и критериумите за пристап и присуство на судии на социјалните мрежи, како и позитивните политики на комуникација на судовите преку социјалните мрежи до пошироката јавност. Резултатите од оваа публикација имаат за цел да послужат како насока за дополнителни реформи на засегнатите законски решенија.

Советот постапува врз основа на Стратегија на С.М.С. во однос на извршувањето на функцииите и информирањето на јавноста. Работата на Советот се одрази врз чекорите кои ги презеде врз основа на Стратегијата и целите за неговото работење во неколку области.

Во 2019 година, Советот реагираше на два настана во насока на проактивно проследување на сите прашања поврзани со односите судии и новинари. Првата реакција беше во однос на односот на Врховниот суд кон медиумите и уназадувањето на политиката за донесување на одлуки за присуство на медиуми во судниците, каде што освен јавна осуда, Советот формира група за средба со в.д. претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Втората реакција на Советот беше во однос на присилното бришење на снимките од страна на судската полиција по наредба на јавниот обвинител и покрај уредно добиените дозволи на медиумите од страна на Врховниот суд.

Првото мислење што го донесе СМС во декември 2019 година беше по иницијатива на обвинителката од поранешното Специјално јавно обвинителство Ленче Ристевска доставена до претседателката на телото. Иницијативата се однесуваше на медиумското пренесување на исказите на сведоците во постапката и можноста за негативно влијание врз исказот на сведоци кои сеуште не дале исказ при испитување во главната расправа. Беше побарано исклучување на јавноста од главната расправа при испитување на сведоци. Мислењето на Советот беше во насока на тоа дека јавноста на главната расправа може да се исклучи само во случаите предвидени во Законот за кривичната постапка и членот 6 од ЕКЧП, во спротивно секое друго исклучување на јавноста би било незаконито.

На последната седница на Советот, пред почетокот на пандемијата од Ковид 19, Советот донесе мислење и по барањето на редакцијата на „Сакам да кажам“ во однос на повреда на презумпција на невиност и заштита на приватност при објавување на статијата.

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

Иако е релативно ново тело, со досегашната работа, Советот манифестира сериозна заложба за спроведување на реформи во правосудството чија основна цел е афирмација на судската транспарентност, враќање на довербата во судството, обезбедување на непречен пристап на јавноста до правдата, а со тоа и обезбедување на правна сигурност непристрасност и квалитет на правдата за граѓаните.

Советот како советодавно тело формирано за унапредување на соработката и дијалогот меѓу судиите и новинарите за прашања од заеднички интерес, како и за зајакнување и афирмација на судската транспарентност и пристапот на јавноста до правдата, заради остварување на своите цели утврди потреба за подобрување на легислативата во делот кој се однесува на достапноста судските процеси и постапки до јавноста. Поради тоа, имајќи предвид дека една од пропишаните активности на советот е и иницирање на промени во законските решенија по однос на транспарентноста на судството, Советот предложи неопходни измени и дополнувања на одредби во ***Законот за кривична постапка и Судскиот деловник***, за почеток, се со цел подобрување на работите.

Понатаму, во план е и разработка на начелните одредби кои се предлагаат со посебен подзаконски акт со кој ќе се уреди и пропише подетално начинот на кој ќе се врши следењето на главната расправа од страна на медиумите.

---

Потребата за предложените измени и дополнувања произлегува од, неспорно, констатираните пропусти и слабости во оваа област во минатото, кога пристапот на јавноста, а со тоа и на медиумите, до судските постапки беше значително отежнат, но и од потребата за користење на новите технологии. Тие слабости се констатирани во повеќе извештаи на странски меѓународни организации, но и од самото општество, како перцепција за

судството која негативно влијае на вршењето на функцијата на правораздавање.

Во таа смисла, СМС се залага и за ревидирање на системот за објавување на анонимизирани пресуди на интернет платформата на судовите и детално ажурирање на постојните податоци;

Постои размислување и дека е потребно да се донесат посебни протоколи за комуникација со јавноста – подготвени од тимови на СМС со поддршка на меѓународни експерти и судии.

**СЛАБОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ**

Со оглед на тоа што станува збор за ново тело, останува потребата за натамошно ангажирање на телото во унапредување на дијалогот меѓу судиите и новинарите, но и со останатите учесници во постапката, а во прв ред со обвинителите.

СМС треба да продолжи да работи и на планот на зголемување на видливоста на телото, со оглед на фактот што и по речиси две години постоење се уште постојат недоумици околу вистинските задачи и мисијата на телото.

Во дел од јавноста, па дури и стручната, но што е уште позагрижувачки, дури и кај самите судии и новинари, постои мешање со ингеренциите на други тела, а во прв ред со само-регулаторните тела во рамките на ЗСРСМ и на ЗНРСМ. Оттаму, и нереалните очекувања дека СМС треба да се занимава и со конкретни однесувања на неетичко однесување на судии и новинари, за што постои етичко тело во рамките на ЗСРСМ, како и Совет на честа при ЗНРСМ и Комисија за претставки при Советот за етика.

Тоа зборува дека се неопходни обуки во таа насока на претставници од двете професии, како и планирање на заеднички активности за промоција на работата на СМС.

Уште од првите состаноци во работата на првиот состав на СМС се воочи проблемот со гломазноста на телото и неможноста да работи многу пооперативно и поефикасно , заради тешкотиите за обезбедување кворум.

И покрај тоа што членството е врз доброволна основа, забележливо е дека одредени членови, како од редот на судиите, така и новинарите, не покажаа интерес да се вклучат во ниту една седница и покрај тоа што биле благовремено известени. Оваа состојба лесно може да се утврди преку бројот на учества во седниците и записниците кои се водат.

Оттаму, уште во ноември 2019 година на седница на Советот беше дискутирана потребата од намалување на бројот на членови, со цел да се постигне мнозинство при донесување на конкретните одлуки. Тоа треба да биде една од првите задачи на новиот состав, која бара и измени во Статутот. Досегашното искуство покажа дека оптималниот број на членови на СМС треба да се сведе на 15 члена од кои 8 од редот на новинарите, а 7 од судиите, при што треба да се води сметка за релевантноста и регионалната застапеност.

Советот треба да остане целосно посветен и на натамошната имплементација на проектот „Зајакнување на улогата и функционалноста на Судско медиумскиот совет" и во текот на оваа година и наредниот период, како и на внимателно следење и анализа на законските проекти во дело на транспарентноста на судството.

**Скопје, септември 2020**

**Извештајот го подготви:**

**Гордана Дувњак,**

**претседател на Судско медиумскиот совет**